Д-р Светозар НАУМОСКИ

# ИМАНЕНТНО ПОВТОРУВАЊЕ (АКТУЕЛИЗАЦИЈА НА ЗНАЕЊАТА) И ПОВТОРУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ЕДНА НАСТАВНА ЕДИНИЦА (НА КРАЈОТ ОД ЧАСОТ) ВО НАСТАВАТА ПО ИСТОРИЈА

Повторувањето како дел од наставниот процес е неизоставен дел на сите видови часови во наставата по историја. Така, изученото наставно градиво по историја се повторува не само на посебните часови за повторување, утврдување, соопштување, систематизирање, оценување (вреднување на ученичките знаења), туку и на часовите кога се изучува (предава) ново наставно градиво.

Така, на часовите кога се предава нова наставна единица, процесот на повторување на претходно изученото наставно градиво, како и на градивото што се изучувало на часот, е застапено во сите фази на часот: во воведниот дел, главниот дел и завршниот дел на часот. Во воведниот и главниот дел на часот е застапено таканареченото иманентно повторување, при што се врши всушност еден вид актуелизација на порано стекнатите знаења од историја, додека пак во завршниот дел на овој вид на часови во наставата по историја ( на кој се изучува ново наставно градиво) се врши повторување со утврдување и систематизирање на новоученото наставно градиво на часот притоа, врз основа на овие операции на повторување, се извелкуваат заклучоци, но и тогаш не е исклучено во овој (завршен) дел на часот да се појави потреба и од извесно иманентно повторување.

Поради наведените причини и констатации, процесот на повторувањето на часовите по историја кога се изучува ново наставно градиво ќе го разгледаме низ два моменти, и тоа: а) како иманнетно

повторување, и б) повторување на содржините на една наставна единица на крајот на часот, на кој се изучувало ново наставно градиво.

### а) Иманентно повторување во наставата по историја

Поимот „иманентно повторување" произлегува од латинскиот збор „immanere", кој значи да бидеш вклучен односно во нешто содржан. Спрема тоа, во наставниот процес остваруваме иманентно повторување тогаш кога на часот го повторуваме делот од претходно изученото наставно градиво, кое е поврзано со новото наставно градиво што се изучува на часот, кое е во функција на понатамошно продлабочено изучување на порано изученото наставно градиво и со него сочинува една целина.[1]

Всушност, ваквото повторување односно обновување на порано стекнатите знаења, во моментот кога тие се во функција на здобивање нови знаења преставува еден од облиците на актуелизација на знаењата во наставата по историја. Притоа, би потсетиле на фактот дека при именентното повторување на часовите по историја кога се изучува ново наставно градиво, не значи дека треба да се повторува последната наставна единица, туку оние наставни единици чие наставно градиво е тематски поврзано со градивото на наставната единица која се изучува на часот, без разлика кога тие биле обработувани (предавани).[2]

За застапувањето на иманентното повторување во наставата по историја има многу можности. Тоа произлегува од фактот што ниту еден историски настан, појава или процес, не се одвивал изолирано и сам за себе од останатите историски настани, појави и процеси, туку напротив секој од нив има свој корен, свои поблиски и подалечни причини во друг историски настан, појава или процес. Всушност, и една од главните задачи на иманентното повторување во наставата по историја е, да ги разоткрие и осветли тие причински врски помеѓу историските настани, појави и процеси.[3]

Понатаму, иманентното повторување во наставата по историја ќе го прикажеме низ еден конкретн пример во наставата по историја на часовите за изучување на нова наставна содржина, при обработката на наставната единица „Османската држава од XVI до XVIII век и Македонија", во I клас на средното образование (за сите струки).

Така, со цел да ги мотивираме и воведеме учениците успешно да го следат новото наставно градиво што ќе се изучува на часот, како

---

[1]Марија Врбетиќ, Како учити историју, Београд, 1983, стр. 144.

[2]Хасан Цикиќ, Испитивање и понављање историског градива у основној школи, сп. „Наша школа", Сарајево, 1952, бр. 9-10, стр. 411

[3]Марија Врбетиќ, Како учити..., стр. 144

и да се воспостави континуитет на старото изучено градиво со новото градиво што ќе се изучува на часот, го применуваме иманентното повторување на тој начин што во почетокот на часот ќе бидат повторени дел од содржините на претходно изучените наставни единици: „Српската средновековна држава" и „Османлиската држава и нејзиното ширење на Балканскиот Полуостров и потпаѓање на Македонија под осмалиска власт". За повторување на содржините на ове наставни единици ги задолжуваме учениците на претходниот час по историја (преку домашна работа или друга форма). Така, во почетокот (воведниот дел) на часот, на учениците им ги поставуваме следните прашања:

Актуелизација назнаењата иманентно повторување

- Од каде дошле Турците-Османлии на Балканскиот Полуостров ? (Еден ученик покажува на карта)
- Како била организирана османлиската држава?
- Кои поголеми феудалци се осамостоиле во Македонија, по распаѓањето на српската средновековна држава? (Еден ученик ги покажува на карта областите во Македонија, во кои владееле: браќата кралот Волкашин и деспотот Углеша Мрњавчевиќи и другите феудалци)
- Кога се одиграла и помеѓу кого битката на реката Марица и кави биле последиците од поразот во оваа битка за Македонија?
- Кога Македонија конечно потпаднала под османлиска власт?

Во зависност од содржината на наставното градиво што се обработува во новата наставна единица, иманентното повторување ќе биде застапено во помала или поголема мера само во еден дел на главниот дел или пак со иманентоно повторување ќе биде „илустриран" односно тоа ќе се повторува низ целиот главен дел на часот. И при објаснувањето на иманентното повторување во главниот дел на часот, поради добивање на една целосна и континуирана претстава ќе се послужиме со приказ на истата погоре цитирана наставна единица „Османлиската држава од XVI до XVIII век и Македонија". Во главниот дел на подолуцитираниот пример, се застапени и меѓусебно се надополнуваат: иманентното повторување на порано стекнатите знаења со новите информации и објаснувања на наставникот по историја, активностите на учениците, споредување, анализа и оцена на историските факти во оваа наставна единица.

Во овој (главен) дел на часот ги бработувам содржините на новата наставна единица „Османлиската држава од XVI до XVIII век и Македонија˝, по следниот редослед:

- Односот на Осмалниската држава (Турција) кон покорените народи:

- Во прво време (до втора половина на XVI век) додека воделе успешни освојувачки војни, Осмалиите собирале давачки од покорените народи во умерена форма. (Следи покажување на историската карта, до каде стигнале Турците-Осмалии во своите освојувачки походи во Средна Европа).

Актуелизација на знаењата-именентно повторување; информација на наставникот (нови содржини); споредување.

- Откако Турција почнала да трпи воени порази и да не води успешни освојувачки војни, тогаш таа ја зголемила експлотацијата на пкорените народи, преку наметнување тешки даноци, какви што биле:

- харач (данок на земјата);

- ушур (десеток на сите производи);

- Воен данок („девширме˝ - данок во крв). (следи прожектирање слајд-слика: Собирање на данок во крв˝);

- рајата освен горенаведените основни даноци плаќала и други даноци;

- рајата била задолжена да врши разни служби во корист на осмалиската држава, како: мортолизи, соколари, дервенџии, мостари и др...

Информации на натавникот (нови содржини)

- Организација на осмалиската власт во Македонија:

- Територијата на Македонија во управен поглед влегувала во состав на Румелискиот беглербег или ејалет;

- Помали управни единици од беглербеглуците биле санџаците. Во прво време Македонија влегувала во состав на Паша-санџак;

Актуелизација на знаењата-иманентно повторување

- Во текот на XV и XVI век биле создадени нови санџаци, во кои влегувала

македонска територија (Ќустендилски, Охриски, Солунски, Скопски). (Следи покажување на карта на територијата на овие санџаци);

- По завладувањето во Македонија, Османлиите и во неа го вовеле својот тимарско-спахиски систем, со основните елементи:

Информација на наставникот (нови содржини)

- тимари (феудални имоти);
- спахии-тимариоти (сопственици на тимарите);
- зависно покорено население (раја);

- Колонизација и исламизација во Македонија:

- Османлиските власти го поттикнувале доброволното, а често прибегнувале и кон присилно доселување (колонизирање) на турско население од Мала Азија на Балканскиот Полуостров, а со цел да ја зацврстат својата власт и да создадат сигурни упоришта. Тие формирале повеќе населби на турски колонисти во Македонија, во: Солунско, Струмичко, Радовишко, Кочанско, Овчеполско, Неврокопско и други. (Следи покажување на карта на териториите во Македонија, каде има колонизирани населби со турско население од Мала Азија);

Актуелизација на знаењата-иманентно повторување; информација на наставникот (нови содржини); споредување

- Паралелно со колонизацијата, Османлиите за да ги прошират и зајакнат потпорите на својата власт вршеле и исламизација на христијанското население, во освоените земји на Балканот. Има два процеси во исламизацијата:

Информација на наставникот (нови содржини)

- доброволна исламизација;
- присилна исламизација

- Последиците од исламизацијата се присутни и денес во Македонија:

- исламизираните Македонци (Македонци-муслимани) се викаат уште торбеши или помаци;

- исламизираните Македонци го задржале својот мајчин (македонски) јазик, и многу од народните и веските обичаи;

- денес ги има: по долините на Радика и Црн Дрим, планината Деспот и Пирин Планина и на други места. (Следи покажување на карта, на териториите во Македонија каде исламизацијата зафатила поголеми размери, и каде што и денес живеат Македонци-муслимани).

Актуелизација на знаењата-иманентно повторување; информација на наставникот; споредување

- Слабеење на централната османлиска власт:

- Турција започнала да ги трпи првите воени порази (Лепант 1571, Сисак 1593 год., и други битки). (Следи покажување на карта на спомнатите топоними Лепанд и Сисак);

- Се распаѓа тимарско-спахискиот систем, и се појавува чифлигарството;

- Се јавува феудална анархија, повеќе крупни феудалци се отцепуваат од централната власт. Такви примери во Македонија се: Махмуд-паша Бушатлија (Охридско, дебарско и Скопско), Али-паша Јанински (Југозападна Македонија), Џеладин-бег (Охридско) и други; (Следи покажување на карта на спомнатите регии во Македонија, каде владееле феудалците-отпадници од централната османлиска власт).

Информација на наставникот (нови содржини)

- Во XVIII век во Македонија се појавуваат арамиски и крџалиски банди, во: Родопите, Шар Планина, Дебарско, Плачковица и други места. (Следи покажување на карта на споменатите регии во Македонија, каде делувале арамиските и крџалиските банди).

Информација на наставникот (ново градиво)

- Први форми на невооружен и вооружен отпор;

- Причини за појава на отпор кај покорените народи;

- зголемување на феудалната експлотација, како резултат на воведување стоковно-парични односи

Информација на настаникот-нови содржини

| | |
|---|---|
| - верска и народносна дискриминација;<br>- поразите на Турција во војните со другите држави (Австрија, Русија и др.). | Актуелизација на знаењата-иманентно повт. |
| - Прво се појавил невооружен отпор, кој се манифестирал во прв ред на економски план. | Информација на наставникот (ново градиво) |
| -Ајдутството како најстара и најдолга форма на вооружен отпор, на покорените народи под османлиска власт:<br>- зошто луѓето станувале ајдути?<br>- првите ајдути во Македонија се појавиле во почетокот на XVI век;<br>- организација на ајдутството: ајдучка дружина, харамбаша, бајрактар, јатаци;<br>- цели на напади на ајдутите: чифлици (поседи), спахии, зулумќари, трговски каравани, собирачи на даноци и др.;<br>- османлиската власт превземала строги мерки, за уништување на ајдутството. (Следи читање на краток текст од историската читанка, кој носи наслов ,,Сурово погубување на фатените ајдуци).<br>- историското значење на ајдутството, во отпорот на нашите народи против османлиската власт. (следи, прожектирање слајд -слика ,,Ајдуци во акција´´). | Информација на наставникот (ново градиво); можна е корелација со предметот ,,Мајчин јазик и литература´´. |
| - Буните како повисока форма наотпор, против османлиското ропство:<br>- првата буна на Балканскиот Полуостров избувнала во Македонија. Тоа била Прилепско-Мариовската буна од 1565 година, - следи поширока елаборација на овој настан. (Следи покажување на карта, на Прилепско-Мариовскиот регион).<br>- поради влошувањето на положбата на покорените народи во Осмалиската империја, буните зачестиле во крајот на XVI и почеток на XVII век. | Информација на наставникот (ново градиво). |

- историско значење на Прилепско-Мариовската буна, од 1565 година

Анализа со примена на новите сознанија здобиени на часот; оцена на историскиот придонес на овој настан;

- Востанија како највисока форма на вооружен отпор на покорените народи, против османлиската власт:

- Првите останија на Балканскиот Полуостров избувнале во Далмација на Црна Гора, во средината на XVII век

Информација на наставникот (ново градиво)

- Карпошевото востание од 1689 година во Македонија;

- причини за избувнување на востанието;

- повод за кревање на востанието - Австро-турската војна (1683-1689);

- територии на кој се проширило востанието (североисточна Македонија, Кумановско, Кривопаланечко);

- Карпош (хајдучки арамбаша) - водач на востанието (крал од Куманово). (Прожектирање на слајд-слика „Карпошев востаник"");

- пресврт во Австро-турската војна (Австрија била нападната од Франција и повлекување на австриската војска од Македонија);

- македонските востаници биле оставени сами да се борат против османлиската војска. (Прожектирање слајд-слика „Скопје во XVII век пред да биде запалено од австриските војски"". Потоа, следи читање краток текст од историската читанка „Спалување на Скопје во 1689 година"");

- разбивање (пораз) на востаничката војска, заробување и погубување на состаничкиот водач - Карпош. (Прожектирање на слајд-слика „Камениот мост во Скопје со

дрвото на кое според легендата бил обесен водачот на востанието-Карпош);

- преселување на дел од македонското население од востанатите области, заедно со српско население од Косово на територијата на денешна Војводина;

- крај (задушување) на востанието;

Информација на наставникот (ново градиво)

- историското значење на Карпошевото востание за македонскиот народ.

Анализа со примена на новите сознанија; оцена на историскиот придонес на настанот.

Во оваа прилика би сакале да укажеме на фактот, дека во сите случаи во наставната практика на часовите по историја, без разлика дали се работи за часови кога се изучува нова наставна содржина или се работи на часови на кои се врши повторување, обопштување, систематизирање, утврдување на веќе изученото наставно градиво, потребно е да бидат употребени наставни нагледни средства.[4]

Иманентното повторување овозможува мисловните активности на учениците да бидат активирани до максимум. Тоа впрочем може да се види и од приказот на погореизнесената наставна единица „Османлиската држава од XVI до XVIII век и Македонија"[5] каде се гледа дека при нејзината обработка се функционално застапени покрај обрабока на ново наставно градиво и повеќе мисловни операции, како: воопштување, конкретизирање и систематизирање на порано обработено наставно градиво.[6]

И при иманенетното повторување, како впрочем и при другите наставни операции во наставата по историја, потребна е подготовка како на наставникот по историја така и на учениците. Така, наставникот при подготовките за настава и изготвувањето на конспектот за соодветниот

---

[4]Д-р Светозар Наумоски, Подготовка (конспект) за наставен час по историја во II година на средното насочено образование, сп. „Просветно дело", Скопје, 1991, бр. 1, стр. 56-61

[5]При обработката на приказот се раководевме од новата наставна програма по историја, донесена од страна на Педагошкиот совет на Македонија во 1991 година и од основните содржини на ова наставна единица, обработена во новиот учебник по историја што сеге е во употреба во II клас на средното образование (за сите струки) од авторот: д-р Светозар Наумоски, Историја за II клас на сите струки, „Просветено дело", Скопје, 1992, стр. 165-169.

[6]Марија Врбетиќ, Како учити..., стр. 144

час, треба да обмисли околу порано изученото градиво и да ги формулира прашањата што ќе им ги постави на учениците, како во воведната така и во другите фази на часот. Исто така, со цел и учениицте да бидат подготвени за успешно изведување на иманентното повторување наставникот требаа на претходните часови по историја да ги извести односно задолжи учениците преку домашна задача или друга форма да го повторат делот од порано изученото наставно градиво[7] кое тематски односно содржински е поврзано со наставното градиво од новата наставна единица што ќе се обработува на часот. Притоа, наставникот по историја треба и да ги насочи учениците на главните моменти и историски факти на кои тие треба да обрнат нимание при повторувањето а кои се од релевантно значење за усвојување на новите наставни содржини што ќе се изучуваат на часот. Само на таков начин подготовките на учениците ќе бидат рационални и конструктивни, а со самото тоа и иманентното повторување ќе биде поуспешно, поефикасно и пофункционално при изучувањето и усвојувањето на новите наставни содржини.

**б) Повторување на содржините на една наставна единица (на крајот на часот)**

Првото повторување на содржините на новоучената наставна единица во наставата по историја се врши во завршниот дел (фаза) односно на крајот на часот на кој таа и се изучувала и тоа повторување претставува составен дел на содржинската артикулација на часот.[8] Целта на ова повторување не е да се изврши само вербално-механичко повторување на новото наставно градиво, што за жал често се практикува од извесен број на наставници по историја-практичари во наставната практика, при што некои од нив одат до таа крајност што бараат од учениците да го повторат новоученото наставно градиво на часот по истиот редослед па дури и со истете зборови, како тоа било изложено од страна на наставникот. Напротив, целта при повторувањето на новоученото наставно градиво на крајот од часот е истото да се осветли и од други агли и со нови компоненти, неговите делови така да се поврзуваат за да можат учениците да ја согледаат внатрешната логична врска помеѓу историските настани што се обработуваат во наставната единица, при што, покрај повторување се врши и систематизирање на новученото наставно гредиво.[9] Така, повторувањето

---

[7]Златибор Поповиќ, Методика наставе историје, Београд, 1971, стр. 184-185
[8]Хасан Ѓикиќ, Испитивање и понављање историског градива у..., стр. 410
[9]Марија Врбетиќ, Какои учити..., стр.142

на наставната единица во завршниот дел (на крајот) на часот, придонесува учениците поуспешно да ја перцепираат односно сфатат новата наставна единица.

За да покажеме̓ како при повторувањето на новоучената наставна единица на крајот од часот може да се избегне вербализмот, односно вербално-механичкото репродуцирање и формализмот во наставата по историја, и притоа да им се помогне на учениците наставното градиво да го сфатат смислено и логички, ќе се послужиме со завршниот дел на часот по историја на кој би се изучувала веќе спомнатата и погоре обработената наставна единица (во нејзиниот воведен и главен дел) - „Османлиската држава од XVI до XVIII век и Македонија˝. Така при краткото повторување во завршниот дел на часот на новучената наставна содржина, може на учениците да им ги поставиме следние прашања:

- Зошто во прво време по потпаѓањето на балканските народи под османлиската власт, положбата на покорените народи не била многу тешка?

- Кога се влошила положбата на покорените народи под османлиска власт?

- Кои видови даноци ги плаќале покорените народи на Османлиите?

- Во управен поглед, како била организирана османлиска власт во Македонија? (Еден ученик го покажува тоа на карта).

- Објасни ја суштината на тимарско-спахиското систем кој бил воведен и во Македонија?! (накратко).

- Во кои делови на Македонија исламизацијата и колонизацијата биле најинтензивни? (Еден ученик ги покажува на карта подрачјата во Македонија, кои биле најповеќе изложени на исламизација, а друг ученик на карта ги покажува подрачјата кои биле изложени на колонизација).

- Кои биле првите форми на отпор против османлиската власт во Македонија?

- Каде била кренатa првата буна на Балканскиот Полуостров против османлиската власт?

- Кои биле причините, а кој поводот за избувнувањето на Карпошовото востание во Македонија (накратко). (Еден ученик го покажува на карта движењето на Австриските војски кон Македонија).

- Каков бил текот на Карпошовото востание во Македонија? (накратко). (При одговорот на ова прашање, ученик да ги покажува на карта подрачјата, каде се одвивале востаничките акции).

По извршеното повторување (а може и во текот на самото повторување) преку ученичките одговори на поставените прашања, со

помош и координација на наставникот следува (заедно со учениците) извлекување на следните заклучоци:

- Од втората половина на XVI век Османлиската империја почнала да слабее што негативно се одразло и придонело да се влоши положбата на покорените народи, поради што тие ги пројавиле и првите форми на отпор против османлиската власт;

- Сите буни и востанија како на македонскиот народ така и на другите балкански народи против османлиската власт до крајот на XVIII век биле неуспешни, затоа што биле стихијни и без добра организација;

- Иако неуспешни, овие буни и востанија послужиле како значајно искуство на нашиот народ, како и на другите балкански народи за поведување нови и подобри организирани борби за национално ослободување.

Се разбира дека и во овој (завршен) дел на часот треба да се употребуваат (во зависност од времето) и нагледни наставни средства, и тоа не само оние што биле веќе употребени во главниот дел на часот, туку по можност да се употребат и нови (неупотребени во првите две фази на часот) нагледни наставни средства.

По обработката на новото наставно градиво на часовите, неизоставно треба да уследи повторување односно учење на тоа градиво дома. Искуствата од наставната практика упатуваат на заклучокот, дека колку и да го сфатил ученикот па и запомнил градивото од наставната единица на часот по историја, ако до следниот час дома не го повтори градивото ќе биде непријатно изненаден на следниот час во училиште, кога ќе констатира дека добар дел од наставната единица веќе го заборавил. За да не се случи ова, потребно е на учениците да им укажеме на фактот дека најдобро е новоучената наставна единица да ја повторат дома уште истиот ден, бидејќи во овој случај најмалку се заборава новоученото грдиво,[10] дека во исто време ваквиот начин на учење односно повторување во наставниот процес е најрационален, и овозможува со помалку вложен труд побрзо обновување и поголема трајност на стекнатите знаења.

Во текот на часот, на таблата го испишуваме следниот (една од можните варијанти) план на наставната единица:

„Османската држава од XVI до XVIII век и Македонија"

- Односот на Османлиите кон покорените народи:

- во прво време собирале давачки во умерена форма;

- подоцна (од втората половина на XVI в.) наметнале тешки даноци:

[10] Исто, стр. 143.

- арач
- ушур
- работна рента (ангарија)
- девширме (данок во крв)
- вршеле разни служби во корист на османлиската власт;

- Организација на османлиската власт во Македонија:
  - беглербег (ејалет): Румелиски;
  - санџаци (во XV и XVI в.): Паша-санџак, а подоцна Ќустендилски, Охридски, Солунски, Скопски;
  - тимарско-спахиски систем:
    - спахии-тимариоти
    - раја;
- Колонизација: јуруци или коњари;
- Исламизација: торбеши или помаци;
- Феудална анархија во Македонија (од XVIII век):
  - арамиски дружини
  - крџалиски банди;
- Форми на отпор:
  - ајдуци;
  - Прилепско-Мариовска буна од 1565 г.;
  - Карпошевото востание (1689 г.):
    - причини и повод
    - текот на востанието
    - задушување на востанието и последици.